Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08 - 1473/1
датум 06-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **21.05.2026 година** во **09:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во Основен суд Кичево за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Фљутурие Дервиши. На увиот присуствуваа Сузана Србиноска, стручен судски службеник и Дејан Личоски, советник информатичар.

Претседателката на судот е избрана на ден 20.11.2023 година. Во судот биле преземени повеќе мерки за подобрување на работата и организацијата на судот. Фасадата на судот е сменета и приземјето е опремено со подна изолација. Во постапка за преговарање се решил проблемот со парното на нафта, со нови радијатори.

Воведен е Едношалтерски систем за давање на апостили, уверение за деловна способност, за извршување на санкции, за бришење на условна осуда, уверенија од прекршоци и кривичен оддел, оставини со нотари, за наплата на глоби, за што се обезбедени терминали за наплата со мобилни телефони. Во судската зграда е сместено Основното јавно обвинителство Кичево. Во 2024 година судот склучил договор со Основното јавно обвинителство, да ги плаќаат своите режиски трошоци за парно, струја и вода.

Препораките за обезбедување на посебна зграда само за судот, без да биде сместена друга институција, важи и за овој суд. Судот се соочува со недостиг на судии и


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

судска служба. Унапредување на судски службеници не се врши иако биле побарани во претходните години, заради што службениците не се мотивирани и ги напуштаат своите работни места. Во тековната 2026 година ќе бидат обезбедени само три вработувања, што соодветствува само за најитно потребните работни места.

Претседателката на судот укажа на проблеми со архивата на нотарите, откако ќе заминат во пензија.

Одделението во Македонски Брод не функционира. Потребно е да се обезбедат простории, технички и кадровски услови за функционалност на судското одделение, преку надлежните органи: Судски совет, Судски буџетски совет, Министерство за финансии, Министерство за правда, Влада на Република Северна Македонија.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа и Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд до Судски совет**

Су 03 бр.5/26 од 22.01.2026 година, Су бр.8/25 од 03.01.2025 година.
Извештај за работа - годишен извештај Су 03 бр.6/26/1 од 05.02.2026 година, Су 03 б.7/25-1 од 12.02.2025 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот со Годишниот распоред за работа се формирани Кривичен и граѓански оддел. Иако во судот биле 17 судии во време на претходни систематизации, со постојната предвидени се 13 судиски места, од кои пополнети се само 5 судиски места, двајца судии за граѓанска област, двајца за кривична област и претседателката на судот. Тројца судии се делегирани од Основен суд Скопје, од кои двајца се распоредени во граѓанскиот оддел. Двајца од делегираните судии се од последната генерација кои ја завршиле почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители, од кои причини не може да постапуваат по сите видови предмети. Еден судија е подолго оправдано отсутен.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години, беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии за што е изготвен записник.
Истите се заведени под следните броеви: СУ 04 бр.88/2025 од 31.12.2025 година, Су 04 бр.88/2025 -1 од 13.02.2026 година, заради определување на совет на судии за ПСО 1 по приговор.
Су 04 бр.88/2025-2 од 04.05.2026 година, заради делегирани судии и враќање на судија од боледување.
Измените на годишниот распоред се донесени согласно законските основи, односно поради пензионирање, делегирање на судии и нови вработувања.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Претседателката на судот појасни дека поради малиот број на судии во судот не се носи План за годишен одмор на судиите, односно се носат само Решенија за годишен одмор.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот има двајца информатичари од кои еден со звање советник информатичар вработен во 2009 година и еден помлад соработник информатичар вработен во судот во 2018 година.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Во судот сеуште не е формиран оддел за следење на судската пракса, на ниво на седница на судии се известуваат за измени , заклучоци и ставови.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)

Формирана е Канцеларија за односи со јавноста. Од 2024 година портпарол на судот е судија Ињаз Исмаили кој е делегиран од Основниот суд Гостивар.

## 8. Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)

Распоредот на вработените во судската служба со определување на нивна замена е направен со Годишниот распоред за работа на судот.
Во судот нема судски администратор, две години наназад се побарани унапредувања, но се добиени. Од овие причини стручните службеници не се мотивирани и си заминуваат од работа. Во судот со систематизацијата се предвидени 132 работни места, а се пополнети 46 работни места за судските службеници, без тие што се вработени на определено работно време.
Претседателката на судот наведе, дека во судот има доволно судски соработници од кои: 1 советник, 2 виши соработници и 6 соработници, но нема унапредувања на вработените. Во судот има вработено двајца информатичари од кои еден со звање советник информатичар и еден помлад соработник информатичар, 3 дактилографи и 1 преведувач од албански јазик. Во судот има три лица со договор на дело.
Во меѓувреме, од причина што договорите на определено време завршиле и не биле одобрени вработувања ниту на определено ниту на неопредределено време, потребни се 5 записничари во судот, од кои одобрени се за две места.
Потребно е да се вработат уште двајца службеници во писарница, архивар, и благајник/сметководител. Во 2023 година бараде согласност за унапредување, но истата не им била дадена, а во 2024 година судот добил согласност за 7 унапредувања и две вработувања на неопределено време.

## 9. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.

Су бр.13/25 од 12.02.2025 година, Су бр.13/2025 година од 20.01.2025 година, Су бр.13/25 од 21.01.2025 година.
Су бр.19/26 од 02.02.2026 година, состанок со вработени.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**10. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Претседателот на судот одржува редовни седници со судиите на месечно ниво, за што се изготвени записници, и истите се заведени во АКМИС.
Су 75./2026 од 13.05.2026 година, Су бр.74/2026 од 13.05.2026 година.
Су 76/2025 од 15.07.2025 година
Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници
Претседателката на судот појасни дека имаа записници од одржани седници само на кривичен оддел (СУ бр.47/2026 од 04.03.2026 година,
Су бр.76/2025 од 15.07.2025 година.
Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници
Су 47/2026 од 04.03.2026 година, Су бр.48/2026 година од 13.03.2026 година, Су бр. 12/2026 од 20.01.2026 година, Су бр.59/2025 од 12.06.2025 година.

**11. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

До Судскиот совет се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.
Су 01/2025 од 07.02.2025 година,

**12. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Кичево за 2024, 2025 и 2026 година**

Оцена и заклучоци од Врховен суд за работа на судот Су 03 бр.159/26 од 06.05.2026 година.
Апелациониот суд Гостивар извршил работна посета во Основниот суд Кичево, за што биле изготвени Извештај СУ бр.405-7/25 од 02.12.2025 година.

**13. Надзор над работата на нотарите**

Претседателот на судот ја информираше комисијата, дека во врска со претходната препорака редовно одржува состаноци со нотарите во врска со заостатокот на стари


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

нерешени оставински предмети, како и дека има донесено акционен план за решавање на овие предмети. Исто така ја информираше комисијата дека во 2024 година има вршено надзор кај нотарите.
Акционен план за решавање на стари нерешени оставински предмети Су 06 бр.4/2025 од 08.05.2025 година.
Претседателката редовно закажува и одржува состаноци со повеќе институции со цел ефикасно извршување на работите поврзани со судските предмети.
Состанок со извршители записник Субр.39/25 од 16.04.2025 година,
Со Центар за социјални работи, Су бр.110/25 од 13.11.2025 година,
Со Адвокатска комора, Су бр.62/2025 од 18.06.2025 година
Со ОЈО Скопје, Су бр.93/2025 од 03.10.2025 година
Со доставувачи, Су бр.42/2025 година од 01.04.2025 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот. Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот.
Информатичарите редовно посетуваат специјализирани ИТ обуки во организација на АСЈО.

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Кичево.
Целосната информатичка опрема е сосема солидна, обновена во текот на претходните години и истата може да одговори на потребите за непречено работење на судот. Располагаат со доволен број на печатари, стабилна пасивна мрежа, антивирусна заштита и уредна сервер просторија.
Старата ИТ опрема во претходниот период уредно е расходувана.

## 16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени и заведени под Су.бр.5/25-6 од 27.01.2025 и Су.бр.1/2026-7 од 02.01.2026 со нивните измени и дополни. Документите се уредно заведени во АКМИС како акти.

## 17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Внатрешните процедури за привилегии за АКМИС се уредно донесени.

## 18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Су 04 бр.39/26 од 04.05.2026 година , Су 04 бр.83/25 од 28.11.2025 година, Су 04 бр.26/25 од 05.05.2025 Су 04 8/25 од 31.01.2025 година,
Во судот се изработуваат месечни распореди и времетраење на дежурства, за време на судската ферија и истите се евидентирани во АКМИС (СУ 04 бр.39/26 од 04.05.2026 СУ 04 бр.83/25 од 28.11.2025 година). Распоредите за дежурства судот ги доставува до ОЈО Скопје и ОВР Кичево и ЦСР.
Дежурствата не се внесуваат во месечниот календар на дежурства во АКМИС системот.

## 19. Скенирање на влезни документи

Влезните документи во Основниот суд во Кичево се скенираат. Судот располага со два функционални скенери.

## 20. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Електронски прием на предмети од страна на судиите се врши редовно.

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судскиот службеник Дејан Личоски – советник информатичар во судот е назначен за администратор на АКМИС системот, со Одлука Су05.бр.2/25-13 од 09.01.2025 и Су05.бр.2/26-15 од 02.01.2026
Автоматската распределба, како и прераспределба на предмети се врши од страна на водителот на уписник на секој оддел.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори и судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски предмети. Кога судиите се подолго од 5 работни дена на боледување истите ги исклучуваат од автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУбр.78/26 од 15.05.2026, СУбр.94/2025 од 08.10.2025, СУбр.29/2025 од 24.02.2025, СУбр.79/25 од 23.07.2025, СУбр.53/2025 од 22.05.2025, СУбр.56/2025 од 30.05.2025

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУ Изз.бр.2/25 од 02.01.2025, СУ Изз.бр.31/25 од 24.02.2025, СУ Изз.бр.19/25 од 25.04.2025, СУ Изз.бр.44/25 од 10.11.2025, СУ Изз.бр.45/26 од 20.05.2026, СУ Изз.бр.10/26 од 02.05.2026, СУ Изз.бр.16/2026 од 19.02.2026, СУ Изз.бр.26/26 од 02.03.2026, СУ Изз.бр.32/26 од 24.03.2026, СУ Изз.бр.38/26 од 23.04.2026
Сите уредно внесени во АКМИС како акти.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Направен беше увид по случаен избор во следните предмети:

- К-ПП бр. 25/26 - поднесен, примен, рачно распределен преку АКМИС и примен кај судија на 25.03.2025, поради усвоено барање за изземање
- ВПП бр.32/26 - поднесен, примен, автоматски распределен и примен кај судија на 30.01.2026, прераспределба автоматски на 05.05.2026 поради усвоено барање за изземање
- РО бр.149/26 - поднесен и примен на 16.02.2026, автоматска распределба на 17.02.2026и две прераспределби автоматски на 02.03.2026 и 16.03.2026 поради изземања со Решенија Су.бр.43/26 и Су.бр.51/26
- К бр.42/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на 29.01.2026, примен кај судија на 30.01.2026, прераспределба автоматски на 06.02.2026 со Решение за изземање Су ИЗЗ бр.10/26
- ПРК-С бр.112/25 - поднесен на 10.02.2025, примен и автоматски распределен на 13.02.2026, примен кај судија ма 14.02.2026, прераспределба автоматска на 25.02.2025 со решение Су бр.31/2025
- МАЛВП бр.222/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на 23.07.2025, прераспределба автоматски на 05.05.2025 со решение Су04бр.88/2025-2
- К бр.344/25 - поднесен на 28.10.2025, примен на 29.10.2025, автоматска распределба на 30.10.2025, примен кај судија на 31.10.2025, прераспределба автоматска на 10.11.2025 со решение СуИЗЗбр.44/25
- П2 бр.55/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на 28.05.2025, примен кај судија на 30.05.2025
- МАЛВП - 525/24 - поднесен, примен и автоматска распределба на 25.12.2024, примен кај судија на 31.12.2024, и две прераспределби автоматски на 02.01.2025 и 06.05.2025 со Решенија за изземање


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## 26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба.
На денот на надзорот во 11:00 часот имаше 22 новопримени предмети кои треба да бидат автоматски распределени.
Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.
Во контролниот период нема автоматска распределба повеќе од еднаш.

## 27. Уписници што се водат во хартиена форма

Сите уписници се водат електронски.

## 28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Во судот има четири судници од кои две се опремени со опрема за тонско судење.
Микрофоните за снимање се стари, и затоа снимките се со многу лош квалитет.
Во 2025 година воопшто не се користело тонско снимање, а во 2026 години реализирано е само едно судење со тонско снимање, по барање на странката.
Странките се согласни судењето да биде без тонско снимање поради тоа што го отежнува, усложнува и успорува самото судење.

## 29. Електронска достава

Во однос на електронската достава претседателката на судот наведе дека истата функционира целосно.
Судот врши електронска достава и до вештите лица на нивните приватни електронски адреси, на извршителите, како и до казнено поправните домови.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот е донесена и истата е заведена СУ бр.1/26 од 02.01.2026 година.
Су 2/2025-14 од 09.01.2025 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Годишен план за секоја година за контролираниот период е донесен и заведен под Су бр.1/26-4 од 02.01.2026 година , Су бр.5/25-2 од 27.01.2025 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.1/26-2 од 02.01.2026 година, Су бр.5/25-1 од 27.01.2025 година,

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во Извештај СУ 01.бр.1/2026 од 14.05.2026 година , месечен извештај Су бр.14/2026 од 15.04.2026 година, Су 01 бр.29/2025 од 15.08.2025.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија на веб страната поврзани со сите предмети, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечните, кварталните и годишните извештаи на веб страната.

**35. Огласна табла на судот**

Судот има огласна табла која е поставена на видливо место.
Видео дисплејот е во функција и прикажува распоред на тековни судења - ова е интерен проект на информатичарите во судот.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Во судот има една просторија за адвокати.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Правосилните анонимизарни судски одлуки редовно се објавуваат на веб - страната на судот.
За контролираниот период  биле објавени вкупно 1490 одлуки за 2024 година, 1046 одлуки за 2025 година и 201 одлука за тековната 2026 година до денот на надзорот.

**38. Архива**

Судот има предадено во Државен архив трајна граѓа за период од 1945-2004 година, со уписници и регистри. Во однос на едношалтерскиот систем, истиот функционира во судската писарница за прием на списи бидејќи нема вработено архивар за да има посебен едношалтерски систем за архива. Во судот недостасуваат железни ормари бидејќи нема доволно финансиски средства за таа намена. Дополнителен проблем се архивите на нотарите бидејќи нема решение за нивно трајно преземање од страна на Државен архив на РСМ Охрид.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Архивата од нотарите да не се чува трајно во судот, да се предаваат другите судски предмети, а не предметите од нотарите.

Увидот заврши на ден 21.05.2026 во 11.30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk